**20242454317**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 17 став (1) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 247/23), а во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 95/19 и 103/19), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2025 ГОДИНА НА НАЦИОНАЛНИОТ ОПЕРАТОР НА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – МЕМО ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија за 2025 година на МЕМО ДООЕЛ Скопје се одобрува да изнесува 97.147.220 денари.
2. Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија се утврдува да изнесува 0,0146 ден/kWh за планирани номинирани количини на електрична енергија на учесниците на пазарот на електрична енергија од 6.646.960.419 kWh.
3. Регулираната просечна тарифа од точка 2 на оваа одлука се применува во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31 декември 2025 година.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

УП1 бр. 08-580/24
2 декември 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.